# ИСКЛУЧОЦИ ОД ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ

**1. Прашање:**

Поштенските услуги за кои имаме потреба како договорен орган, ги извршуваше Македонска пошта, со која имаме договор за соработка. Постапка за јавна набавка не е спроведена поради тоа што истите услуги спаѓаат во исклучоци од примена на Законот за јавни набавки. По добиено известување од страна на Македонска пошта, дека поради технички проблеми, не е во можност услугите да ги обезбедува во период од 3-4 месеци, дали смееме да ангажираме други економски оператори, без спроведување на постапка за јавна набавка поради итноста?

**Одговор:**

Согласно член 23 точка 6 алинеја б) од Законот за јавните набавки, одредбите на овој закон не се применуваат на јавни набавки и конкурси за избор на идејно решение, доколку ги спроведува договорен орган кој обезбедува поштенски услуги во смисла на член 16 став (3) од овој закон, за извршување на финансиски услуги опфатени со шифрите од ЗПЈН од 66100000-1 до 66720000-3 и со точката 3 под s) од овој став, особено поштенските уплатници и поштенското безготовинско работење.

Согласно горенаведеното, овој исклучок може да го примени само договорен орган кој обезбедува поштенски услуги, за извршување на наведените финансиски услуги, особено поштенските уплатници и поштенското безготовинско работење.

Имајќи го предвид наведеното, доколку вашата потреба е со проценета вредност еднаква или поголема од вредносните прагови утврдени во членот 40 од Законот, договорниот орган треба да спроведе постапка за јавна набавка.

Договорниот орган исто така треба да има предвид дека со Правилникот за видовите на посебни услуги кои се предмет на договорите за јавни набавки на услуги, се утврдени видови на поштенски услуги за кои може да се реализира постапка со примена на членовите 121-123 од законот. Прагот за примена на одредбите за посебни услуги, согласно членот 40 од Законот е 10.000 евра во денарска противвредност.

Притоа, укажуваме и на став 6 од член 40 од Законот, каде е наведено дека вкупната вредност на набавките под вредносните прагови од ставот 1 на овој член кај договорните органи од член 9 став 1 точки а), б) и в) од овој закон не смее да надмине 12.000 евра во денарска противвредност во тековната година.

Тоа значи дека сумата одвоена за набавка на посебни услуги под 10.000 евра ќе биде одземена од предвидената сума за набавки кои договорниот орган може да ги врши без примена на Законот за јавните набавки.

Воедно, укажуваме дека, согласно член 23 став (1) точка 4 од законот, одредбите од законот не се применуваат на услуги кои договорниот орган ги доделува на друг договорен орган или здружение на договорни органи, ако истите имаат ексклузивно право да ги обезбедуваат предметните услуги.

Согласно Законот за изменување на Законот за поштенските услуги, („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 224/24), давателот на универзалната услуга (АД Пошта на Северна Македонија – Скопје), има ексклузивно право да обезбедува резервирани поштенски услуги за пратки со тежина до 50 гр. до денот на пристапување на РСМ во Европската Унија.

Во спротивно, доколку пратките се со тежина над 50 гр., договорниот орган не може да го примени исклучокот од член 23 став (1) точка 4 и треба да спроведе соодветна постапка.

**2. Прашање:**

Дали за изнајмување на простор за организирање на еднодневен настан треба да се спроведе постапка за јавна набавка или може да се примени член 23 став1 точка 3 под а)?

**Одговор:**

Со член 23 од Законот за јавните набавки, се уредени општите исклучоци односно случаи кога не се применуваат одредбите од Законот за јавните набавки.

При тоа, а во однос на вашето прашање, ве упатуваме да го имате предвид ставот (1) точка 3, алинеја а) од горенаведениот член, во кој е наведено дека одредбите од законот не се применуваат за јавни набавки на услуги за купување или изнајмување на земјиште, постоечки згради или друг недвижен имот и права кои произлегуваат од истите.

Имајќи го предвид горенаведеното, произлегува дека би можеле да го примените горенаведениот исклучок. Сепак, оваа одлука ја носи договорниот орган врз основа на целокупната документација со која располага и под какви услови ќе ја задоволи потребата од изнајмување на простор.

## ПОСТАПКИ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

**3. Прашање**:

Дали во случај кога се барани мостри во функција на утврдување на карактеристиките на предметот на набавка во рамки на техничките спецификации, на понудувачите на јавното отворање треба задолжително да им се овозможи увид во истите?

Дали по завршувањето на постапката на понудувачите кои учествувале во истата, задолжително треба да им се овозможи увид во мострите и дали може да им се дозволи да вршат нивна евалуација?

**Одговор:**

По доставување на одлуката за избор на најповолна понуда или за поништување на постапката, а до истекот на рокот за вложување жалба, согласно член 113 став (5) од законот, економските оператори што учествувале во постапката имаат право на увид во целокупната документација од постапката, вклучувајќи ги доставените понуди или пријави за учество, освен оние документи што се означени како деловна тајна.

Со оваа одредба се воведува можноста понудувачите - учесници во конкретната постапка, во периодот по носењето на одлуката, па сè до истекот на рокот за жалби, да имаат комплетен увид во целокупната документација за постапката. Единствено немаат увид во документи што се означени како деловна тајна.

Наведенава одредба овозможи подигање на транспарентноста во постапките за јавни набавки од една страна, додека од друга страна им овозможи на понудувачите лесно да проценат дали се оштетени или дискриминирани при водењето на постапката и изборот на најповолна понуда. Притоа, ваквиот пристап ќе им ја олесни подготовката на евентуална жалба доколку увидат дека се оштетени во постапката.

Во однос на прашањето дали наведенава одредба овозможува „увидот во доставените примероци кои се барани како техничка понуда“, истото не е експлицитно ниту забрането ниту дозволено. Оттука, треба да се утврди дали примероците се означени како деловна тајна или не.

Истовремено, укажуваме дека предвид треба да се има и член 30 став (4) од законот, согласно кој економскиот оператор не смее да ги означи за деловна тајна или за класифицирана информација: цената на понудата, трошоците на животниот век, спецификациите на понудените стоки, услуги или работи, количините, податоците во врска со критериумите за избор на најповолна понуда, јавните исправи, извадоците од јавни регистри и другите податоци кои согласно со посебните прописи мора јавно да се објавуваат или не смее да се означат како деловни тајни или како класифицирани информации.

## ОДЛУКА ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА / ОДЛУКА ЗА ПОНИШТУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА

**4. Прашање**:

Спроведена е постапка за јавна набавка на услуга за стучен надзор.

Отворањето на понудите е извршено на 28.02.2025г, а важност на понуди требаше да изнесува 60 дена. По донесување на одлуката за избор, поднесени беа жалби од двајца понудувачи.

Одлуката по жалбите од страна на ДКЖЈН е добиена на 23.05.2025г, и со истата постапката се враќа на повторно постапување и одлучување. Во меѓувреме периодот на важност на понудите е истечен.

Дали во овој случај можеме да ја поништиме постапката со образложение дека не е добиена ниту една прифатлива понуда?

**Одговор**:

Одлуката на Државната комисија за жалби по јавни набавки согласно член 160 став (4) и (5) од законот, станува конечна по извршената достава и сите странки се должни да ја почитуваат и да ја спроведат конечната одлука на ДКЖЈН.

Истовремено, согласно со ставот (6) од наведениов член, договорниот орган во рок од 30 дена од денот на приемот на одлуката, е должен да постапи согласно со истата при што ги применува правното сфаќање и дадените забелешки на ДКЖЈН во одлуката.

Согласно член 105 став (2) и (3) од Законот, понудата е обврзувачка за целиот период на важност што го утврдил договорниот орган, а договорниот орган може, во исклучителни случаи кои не настанале по негова вина, да побара од понудувачите продолжување на периодот на важност на понудите.

Доколку периодот на важност изминал во времетраењето на жалбената постапка, договорниот орган може да се обрати и да побара од понудувачот да се изјасни дали прифаќа склучување на договорот за јавна набавка согласно условите кои ги дал во понудата, иако треба да се има предвид дека во ваков случај, понудувачот не е обврзан да пристапи кон склучување на договорот.

**5. Прашање**:

Доколку во тек на постапка за јавна набавка, комисијата при давање на одговор на прашање поставено од економски оператор, го открие неговиот идентитет – иако тоа не е дозволено според упатствата од Прирачникот за спроведување на јавни набавки, дали тоа претставува основ за поднесување на жалба и покрај тоа што не е експлицитно наведено како жалбен основ во Законот за јавни набавки?

Дополнително, дали ваквото постапување се смета за повреда на начелото на еднаков третман и доверливост и дали може да се третира како суштинска повреда на постапката?

**Одговор**:

Договорниот орган согласно член 81 став (4) од законот, е должен да одговори на сите прашања или барања за појаснување или измени кои економските оператори можат да ги постават во врска со тендерската документација, под услов истите да бидат поднесени најмалку осум дена пред крајниот рок за поднесување понуди или пријави за учество, односно шест дена кај поедноставената отворена постапка и четири дена кај набавката од мала вредност со објавување оглас.

Од друга страна, основите поради кои договорниот орган може да ја поништи постапката за јавна набавка како и битните повреди на Законот кои по службена должност ги проверува Државната комисија за жалби по јавни набавки, се пропишани со член 114 став (1) и член 141 став (2) од законот.

Доколку сметате дека договорниот орган постапил спротивно на одредбите од законот односно имате правен интерес за добивање на договорот за јавна набавка или рамковната спогодба и сте претрпеле или би можеле да претрпите штета од евентуално прекршување на одредбите од овој закон, можете да постапите согласно со член 142 од законот и да изјавите жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки. Начинот и роковите за изјавување на жалба (кои зависат од видот и фазата во која се наоѓа постапката) се пропишани со Глава VIII, Поглавје 3 членови од 143 – 150 од законот.

## КОМИСИЈАТА ЗА ЈАВНА НАБАВКА / ЛИЦЕ ИЛИ ОРГАНИЗАЦИСКИ ОБЛИК ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

**6. Прашање:**

Дали во Одлуката за јавна набавка може да биде назначено надворешно стручно лице кое ќе учествува во евалуација на понудите, а кое стручно лице ќе биде избрано во посебна постапка?

**Одговор:**

Согласно член 77 став (2) од законот, со одлука за јавна набавка се утврдува предметот на набавката, износот и изворот на средствата потребни за реализација на договорот, начинот и постапката за јавна набавка и се назначува составот на комисијата, како и ангажирање на надворешни стручни лица, доколку е потребно.

Надворешните стручни лица се лица кои не се членови на комисијата за јавни набавки и кои на комисијата треба да и помогнат при евалуацијата на понудите особено техничките понуди. Овие лица може да се вработени кај договорниот орган или пак да се ангажирани од надвор. Своето мислење, надворешните стручни лица го даваат во вид на извештај кој е составен дел од досието од спроведената постапка, и во определените законски рокови.

Притоа, напоменуваме дека ангажираното надворешно стручно лице не одлучува во врска со изборот на најповолна понуда или поништување на постапката.

## ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА / ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ

**7. Прашање:**

Спроведена е поедноставена отворена постапка за информатичка, видео и аудио опрема. Во ДЕЛ 1 бараме набавка на уреди за непрекинато напојување (УПС) и во техничката спецификација имаме наведено дека формата на бранот која ја бараме е синусен бран.

Од еден економски оператор пред јавното отворање беше поставено прашање кое се однесуваше на формата на бранот (да биде чист синусен или симулиран синусен бран). По консултација со стручни лица беше одговорено дека бранот што го произведува УПС уредот треба да биде чист синусен бран. И покрај одговорот кој беше даден, понудите кои ги добивме од сите економски оператори беа со понудени УПС уреди со симулиран синусен бран.

Дали да го поништиме тој дел од набавката и да објавиме нова постапка за тој дел, каде што ќе биде наведена формата на бранот или може да продолжиме со оваа постапка со тоа што би заштедиле на средства за отпочнување на нова постапка и на време во која очигледно би ги добиле истите карактеристики на уредите за напојување бидејќи моментално само такви се нудат на пазарот?

**Одговор:**

Согласно член 2 став (1) точка 11 од Законот за јавните набавки, „прифатлива понуда" е понуда поднесена од понудувачот, која ги исполнува условите за утврдување способност, потребите и барањата на договорниот орган наведени во техничките спецификации и останатата тендерска документација, што е навремена, која нема невообичаено ниска цена, а чија конечна цена не ги надминува средствата обезбедени или кои може да се дообезбедат од договорниот орган согласно со овој закон.

Согласно 82 став (6) од Законот, одговорите, како и измените и дополнувањата на тендерската документација, договорниот орган без надоместок и во најкус можен рок ги прави достапни на ист начин како што ја направил достапна тендерската документација, но не подоцна од шест дена од крајниот рок за поднесување на понудите или пријавите за учество, односно четири дена кај поедноставената отворена постапка и два дена кај набавката од мала вредност со објавување оглас.

Имајќи го предвид горенаведеното, потребно е да се има предвид дека поднесена понуда може да се смета за прифатлива понуда ако ги исполнува условите за утврдување способност, потребите и барањата на договорниот орган наведени во техничките спецификации и останатата тендерска документација. Притоа, одговорите, измените и дополнувањата кои ги дава договорниот орган во текот на постапката се сметаат како појаснувања на барањата наведени во тендерската документација и истите треба да се имаат предвид при евалуацијата на поднесените понуди.

Доколку договорниот орган утврди дека има пропусти или недостатоци во тендерската документација, постапката/делот може да се поништи согласно член 114 став (1) алинеја 5 од Законот.

## УСЛОВИ ЗА УТВРДУВАЊЕ СПОСОБНОСТ

**8. Прашање:**
Согласно член 95 точка 8 од Законот за јавни набавки, „Во постапките за јавни набавки, техничката и професионалната способност на економскиот оператор може да се докаже на еден или на повеќе од следниве начини:

(а) со листа на главни испораки на стоки или извршени услуги во последните три години, со вредности, датуми, купувачи (договорни органи или економски оператори), со обезбедување потврда за извршени испораки или извршени услуги. Со цел да се обезбеди соодветно ниво на конкуренција, договорниот орган може, доколку е тоа неопходно, да ги земе предвид доказите за соодветните испораки на стоки или извршени услуги пред повеќе од три години, што го наведува во тендерската документација;

б) со листа на работи извршени во последните пет години, со приложување потврда за задоволителна изведба на најважните работи. Со цел да се обезбеди соодветно ниво на конкуренција, договорниот орган

може, доколку е тоа неопходно, да ги земе предвид доказите за изведени работи пред повеќе од пет години, што го наведува во тендерската документација;“

Нашето прашањее дали потврдите за извршени испораки или извршени услуги и изведба на работи, договорниот орган може да ги бара со износи и дали треба да бидат во рамките на проценетата вредност на набавка или може да бидат со повисок износ од проценетата вредност на набавката?

**Одговор:**

Договорниот орган, согласно со член 92 став (2) од законот, може да бара од економските оператори да имаат доволно искуство, кое ќе го докажат со соодветни препораки од претходни набавки. Согласно став (3) од овој член, при јавни набавки за работи, услуги или стоки кои вклучуваат услуги за нивно поставување или вградување, договорниот орган може да ја оцени професионалната способност на економскиот оператор за извршување на работите, услугите или инсталациската работа во однос на неговите вештини, успешност, искуство и сигурност.Доказите со кои во постапките за јавни набавки, се докажува техничката и професионалната способност на економскиот оператор се пропишани со член 95 став (8) од законот.

Согласно точка а) од горенаведената одредба, при утврдување на условите за квалитативен избор во делот на техничката или професионалната способност на економските оператори, договорниот орган како доказ може да бара потврда за извршени испораки на стоки или извршени услуги во последните три години, со вредности, датуми, купувачи (договорни органи или економски оператори).

Целта на договорниот орган е да добие што е можно повеќе прифатливи понуди со цел да може да ја избере онаа која ќе значи најдобра вредност за парите кои ги обезбедил за задоволување на конкретната потреба, а обезбедувањето на потврдите е услов кој треба поконкретно да го даде договорниот орган во тендерската документација.

Исто така, договорниот орган самостојно утврдува кои барања и услови ќе ги предвиди во тендерската документација и на кој начин ќе се докажуваат, имајќи предвид истите да бидат логични, оправдани и да не ги ограничуваат понудувачите што може да учествуваат во постапката и да ја намалат конкуренцијата, а со тоа да ја намалат и можноста договорниот орган да ја изврши набвката на економичен, ефикасен и ефективен начин, односно во согласност со начелата на кои се темелат јавните набавки наведени во член 3 од законот.

Имено, при дефинирање на условите во тендерската документација, договорниот орган е потребно сразмерно да ги дефинира условите, барањата и критериумите во тендерската документација и истите мораат да бидат логички поврзани со предметот на набавка.

Согласно горенаведеното, врз основа на фактичка состојба, ве упатуваме да направите сеопфатна анализа и истражување на пазарот, а по добиените резултати, да ги дефинирате критериумите, барањата и условите во тендерската документација, без при тоа да ја нарушите конкуренцијата или да ги прекршите горенаведените начела.

**9. Прашање:**

Дали е дозволена промена на техничка спецификација при повторно објавување на оглас „отворена постапка“. Претходната постапка за јавна набавка е поништена бидејќи не е добиена ниту една прифатлива понуда и сега при повторно објавување на истата постапка дали може да ја промениме техничката спецификација?

**Одговор:**

За потребата од јавна набавка, согласно член 77 став (1) од законот, одлучува договорниот орган.

Доколку договорниот орган ја поништил постапката, истиот може повторно да спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка и за истото потребно е да донесе нова одлука за јавна набавка каде ќе ги утврди предметот на набавката, износот и изворот на средствата потребни за реализација на договорот, како и начинот и постапката за јавна набавка.

Во однос на Вашето прашање, ве известуваме дека во законот нема ограничување за договорниот орган при повторното спроведување на постапка која ја поништил, по свое наоѓање и заради задоволување на своите потреби да може да изврши измена или дополна на тендерската документација.

Воедно, а со цел во иднина да не се доведувате во ситуација да ја поништувате постапката бидејќи не е добиена ниту една прифатлива понуда, ве упатуваме да спроведувате претходна проверка на пазарот, која ќе ви овозможи да соберете информации за економските оператори, условите на пазарот, нивните производи, цени или трошковни структури и слично.

## КОРИСТЕЊЕ СПОСОБНОСТ ОД ДРУГИ СУБЈЕКТИ

**10. Прашање:**

Во постапка за јавна набавка во која учествуваме имаме и подивзедувач и во прилог на понудата имаме Договор за подизведувач.

Дали и во самиот Образец на понуда треба да стојат податоците за подизведувач или е доволен Договорот за подизведувач кој е во прилог на понуда?

**Одговор:**

Евалуацијата на понудите е процес на оцена на понудите во постапката за јавна набавка, која комисијата ја врши врз основа на критериумите наведени во тендерската документација.

Оттука, понудувачот согласно со член 105 став (1) од законот, ја изготвува понудата во согласност со тендерската документација. При тоа, комисијата согласно со член 109 став (6) од законот, неприфатливите понуди нема да ги рангира.

Од друга страна, при проверка на комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачот и при евалуација на понудата согласно со член 109 став (2) од законот, комисијата може да побара понудувачите да ги појаснат или дополнат документите, доколку не станува збор за значителни отстапувања од бараната документација. Согласно со ставот (4) од наведениот член, никакви промени во финансиската и техничката понуда, освен исправката на аритметички грешки, не смеат да се бараат, нудат или да се дозволат од страна на комисијата или од понудувачот.

Следствено на изнесеново, комисијата треба да утврди дали доставената понуда е со значителни отстапувања од бараната документација и дали истата е неприфатлива.

Истовремено, повеќе информации за евалуација на понудите можете да најдете во Брошурата Евалуација на понудите која можете да ја најдете на следниов линк - https://www.bjn.gov.mk/wp-content/uploads/2020/08/Brosura_Evaluacija-na-ponudi.pdf, како и во делот на Често поставувани прашања – Евалуација на понудите/Неверојатно ниска цена на следниов линк - https://www.bjn.gov.mk/odgovori-na-prasha-a/.

Воедно, предвид треба да се има дека под поимот „понуда“ не се подразбира само образецот на понудата, туку целокупната документација која економскиот оператор ја поднесува и прикачува во системот.

Доколку огласот за јавна набавка е објавен по 1 април 2025 година, односно по последните надградби на ЕСЈН од 01.04.2025 година, предвид треба да се има дека образецот на понудата е автоматски генериран од самиот систем. Доколку економскиот оператор сака да вклучи подизведувач, потребно е да подготви посебен документ (образец кој тој ќе го состави), и во кој ќе ги наведе сите барани податоци за подизведувачот. Овој документ, во PDF формат, треба да се прикачи во системот во делот „Техничка понуда“.

Повеќе во однос на прилозите можете да најдете на следниот линк https://www.bjn.gov.mk/wp-content/uploads/2024/10/Modeli-na-Prilozi.docx

**11. Прашање:**

Дали субјектот чија способност се користи во однос на економско финансиската сосотојба и техничко професионална способност, може да превземa солидарна одговорност за извршување на договорот и дали може да ја достави банкарската гаранција на понудата од 3,00%?

**Одговор:**

Согласно член 96 став (5) од законот, доколку економскиот оператор користи способност од друг субјект во однос на условите што се однесуваат на економската и финансиската состојба, договорниот орган може да побара економскиот оператор и субјектот кој дава поддршка да преземат солидарна одговорност за извршување на договорот.

Сепак, преземањето на солидарна одговорност не се однесува на доставување на гаранција на понуда која што е уредена со член 101 од Законот за јавните набавки, од причина што согласно став (4) од наведениот член понудувачот изјавува дека нема да ги преземе дејствијата наведени во став (6) од член 101?

## ЕВАЛУАЦИЈА НА ПОНУДИТЕ / НЕВООБИЧАЕНО НИСКА ЦЕНА

**12. Прашање:**

При евалуација на пристигнатите понуди по предметната јавна набавка, Комисијата за јавна набавка констатира дека управителот на една од фирмите понудувач, во понудата на друг понудувач во постапката се јавува како вработено лице на неопределено време со дополнително работно време над 40 часа-без огласување видно од доказот доставен од АВРМ. Понудата на фирмата во која лицето се јавува како управител е со прифатлива понуда, додека фирмата во која истото лице се јавува како вработено не е со прифатлива понуда (нема пополнето техничка понуда).

Оттука, земајќи го предвид член 107 од Законот за јавните набавки, а со оглед дека едната фирма има неприфатлива понуда, како да постапи Комисијата за јавна набавка, односно дали да ја прифати понудата во која лицето се јавува како управител (која всушност има комплетна документација) или да се поништи постапката.

**Одговор:**

Евалуацијата на понудите е процес на оцена на понудите во постапката за јавна набавка, која комисијата ја врши врз основа на критериумите наведени во тендерската документација.

Согласно став (6) од член 109, неприфатливите понуди комисијата нема да ги рангира.

Од друга страна, согласно член 107 став (1) и (2) од законот, кандидатот, односно понудувачот, во рамките на иста постапка за јавна набавка може да учествува само во една пријава за учество, односно понуда.

Сите пријави за учество, односно понуди ќе бидат отфрлени ако кандидатот, односно понудувачот:

- учествува во повеќе од една самостојна и/или како член во групна пријава за учество, односно понуда или

- учествува како подизведувач во друга самостојна и/или како член во групна пријава за учество, односно понуда.

Согласно со ставот 3 од горенаведениот член, економскиот оператор може да учествува како подизведувач во повеќе од една пријава за учество, односно понуда.

Со горенаведениот член се утврдува принципот „еден понудувач – една понуда“, кој е вообичаен во меѓународната пракса. Ваквото правило важи без оглед на тоа дали кандидатот или понудувачот настапува самостојно или како член во група на економски оператори и се забранува понудувачот или кандидатот да учествува со повеќе од една понуда или пријава за учество.

Од податоците во прашањето не може да се утврди дали во конкретниов случај се исполнети условите од член 107 став (2) од законот. Имено, нејасно е дали управителот на економскиот оператор кој има доставено понуда во истата постапка поднел понуда и како физичко лице (субјект кој самостојно врши дејност, а својството на правен (деловен) субјект им е признаено врз основа на постојните законски прописи) или како физичко лице фриленсер којшто самостојно работи определена работа, односно којшто работи самостојно и е платен за извршената задача.

Оттука, комисијата врз основа на фактичката состојба треба да утврди дали се исполнети условите од членот 107 став (2) од законот, или не.

**13. Прашање:**

Спроведовме поедноставена отворена постапка за набавка на електрична енергија, без е-аукција. Доставени се понуди од двајца понудувачи.

Понудувачот чија понуда е поповолна има доставено техничка понуда и техничка спецификација, целосно празни во делот каде треба да понуди технички карактеристики.

Дали ваквата понуда е прифатлива, бидејќи е нејасна дали е согласен економскиот оператор со условите наведени во техничката спецификација.

И дали набавка на електрична енергија спаѓа во категорија на специфични набавки?

Дали ваквата понуда треба да биде отфрлена?

**Одговор:**

Во согласност со член 79 став (2) алинеја 7 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ“ бр. 24/19, „Службен весник на РСМ“ бр. 87/21 и 14/25), комисијата во фазата на евалуација ги проверува техничките понуди поднесени од понудувачите во врска со условите и барањата од техничките спецификации или од

описната документација. Согласно алинеја 9 од истиот член, комисијата утврдува неприфатливи понуди, како и причините заради кои тие понуди се сметаат за неприфатливи.

Дополнително, според точка 11 од Законот - „Прифатлива понуда" е понуда поднесена од понудувачот, која ги исполнува условите за утврдување способност, потребите и барањата на договорниот орган наведени во техничките спецификации и останатата тендерска документација, што е навремена, која нема невообичаено ниска цена, а чија конечна цена не ги надминува средствата обезбедени или кои може да се дообезбедат од договорниот орган согласно со овој закон;.

Оттаму, со цел да се утврди прифатливоста на понудата, нужно е да се изврши проверка на техничките понуди на понудувачите.

Во постапките за јавни набавки кои се спроведуваат преку Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН), начинот на генерирање и поднесување на образецот на техничката и финансиската понуда е значително олеснет. Имено, согласно последните надградби на ЕСЈН од 01.04.2025 година, образецот со основните податоци на понудувачот, како и финансиската понуда и изјавата за сериозност се генерираат на системот во согласност со внесените податоци од страна на понудувачот на самата форма во модулот за поднесување на понудите. Техничката понуда потребно е дополнително да биде прикачена на системот од страна на понудувачот. Исто така, со цел олеснување на начинот на подготовка на тендерската документација, на ЕСЈН е дадена опција за преземање на модел- образец на техничка понуда уште при самото објавување на огласот. Договорниот орган го прикачува образецот, и по потреба го доуредува во зависност од предметот на набавката и потребите, а со цел економските оператори јасно да ги изразат/опишат сите детали за стоката/услугата/работата која ја нудат.

Сепак, треба да се има предвид дека во одредени постапки поради специфичностите на набавките понудите ќе се сметаат за прифатливи кога понудувачот прикачува техничка понуда на свој образец и/или случаите кога понудувачот иако нема прикачен документ со детален опис на понуденото (техничка понуда), но комисијата ќе оцени дека понудата ги задоволува потребите и барањата на договорниот орган наведени во техничките спецификации, што во случајов би требало да е видливо барем од генерираниот и пополнет образец на финансиската понуда.

Имајќи го предвид изнесеново, комисијата за јавни набавки во фазата на евалуација, а врз основа на фактичката состојба треба да утврди дали понудата е изготвена согласно тендерската документација и дали е прифатлива или не.

**14. Прашање:**

Во постапката за јавна набавка учествува и странски економски оператор со своја понуда. Во прилог имадоставено оригинал документи заверени на нотар од неговата земја и превод на документите, но на истите не се гледа дека се преведени од овластен судски преведувач.

Дали треба да ги прифатиме таквите документи?

**Одговор:**

Под терминот економски оператор согласно член 2 став (1) точка 6 од Законот за јавните набавки се подразбира секое физичко или правно лице или група такви лица, вклучувајќи ги и сите привремени здружувања, кои на пазарот или во постапките за јавни набавки нудат стоки, услуги или работи. При тоа, согласно член 28 од законот, секој економски оператор има право да учествува, самостојно или како член на група економски оператори, во постапка за јавна набавка, согласно член 107 од овој закон.

Според тоа, без оглед на тоа дали се работи за домашно или странско, физичко или правно лице, секој економски оператор има право да поднесе понуда, односно пријава за учество, да биде носител на набавката или подизведувач во истата. Ова е во корелација и со еден од основните принципи на законот, а тоа е обезбедување на еднаков третман и недискриминација на економските оператори учесници во постапките за јавни набавки.

Треба да се има во предвид и член 95 став (5) од законот, согласно кој ако земјата во која е регистриран економскиот оператор не ги издава документите од ставот (4) на овој член, или ако тие не ги опфаќаат сите случаи од членот 88 на овој закон, договорниот орган прифаќа изјава што економскиот оператор ја заверува кај надлежен орган.

Од друга страна, тендерската документација има клучна улога во постапката за јавна набавка, и таа мора да ги содржи сите неопходни информации за конкретниот предмет на набавка со цел економските оператори да може квалитетно и навремено да ја изготват и поднесат својата понуда.

Понудата се изготвува на јазик утврден во тендерската документација. Оттука, произлегува дека ова прашање треба да е уредено во тендерската документација, во спротивно понудите ќе треба да се достават на македонски јазик.

Следствено на изнесеново, комисијата треба да утврди дали доставената понуда е во согласност со бараното во тендерската документација и дали може да се постапи согласно со член 109 став (2) од законот, или ќе утврди дека понудата е неприфатлива и ќе ја исклучи од натамошната евалуација.

## СРЕДСТВА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ / НЕГАТИВНА РЕФЕРЕНЦА

**15. Прашање:**

Договорниот орган објави оглас за јавна набавка во поедноставена отворена постапка за: Изградба, реконструкција и санација на локални патишта, улици, тротоари и други јавни површини во Општината.

Пристигнати се три понуди од кои една со најниска цена и за истата во текот на евалуацијата на понудата забележавме дека членот на групата нема доставено Изјава за сериозност на понуда додека носителот на групата ја има уредно доставено Изјавата за сериозност.

Нашата дилема е следната: Бидејќи се работи за групна понуда а носителот на групата ја има уредно потпишана Изјавата за сериозност од негова страна додека членот на групата ја нема воопшто доставено Изјавата за сериозност дали може да продолжиме со евалуација на оваа понуда односно да го избереме за најповолен понудувач бидејќи имаат уредно потпишан договор за групна понуда и членот на групата е внесен во ЕСЈН или да го отфрлиме?

**Одговор:**

Договорниот орган согласно член 101 став (1) од законот, бара гаранција на понудата во вид на банкарска гаранција или изјава за сериозност на понудата и тоа го наведува во огласот и во тендерската документација.

Согласно со ставот (2) од наведениов член, по исклучок кај набавката од мала вредност и поедноставената отворена постапка член, договорниот орган не бара гаранција на понудата во вид на банкарска гаранција.

Гаранцијата на понудата претставува повратни средства кои ги плаќаат понудувачите како гаранција дека ако бидат избрани ќе пристапат кон потпишување на договорот. Доколку договорниот орган бара гаранција

на понудата неа ја наведува во огласот и во тендерската документација, како и нејзиниот вид. Доколку не бара банкарска гаранција, договорниот орган задолжително бара изјава за сериозност на понудата како инструмент на заштита на договорните органи од несериозни понудувачи. Оваа изјава претставува еден вид алтернатива на гаранцијата на понуда. Таа е во насока на зголемување на конкуренцијата во постапките, бидејќи ќе се избегне барањето на банкарски гаранции и ќе се намалат трошоците на понудувачите. А од една страна, договорните органи имаат механизам на располагање за санкционирање на несериозните понудувачи.

Кај набавките од мала вредност и поедноставената отворена постапка, договорните органи не смеат да бараат банкарска гаранција како средство за гаранција на понудата. Во овие два случаи, гаранцијата на понудата се обезбедува само со изјава за сериозност, односно понудувачите задолжително ја доставуваат како дел од понудата.

Кога во постапката за јавна набавка е доставена понуда од група на економски оператори, договорниот орган за секој член од групата проверува дали постојат причини за исклучување од постапката, а воедно сите членови од групата треба да ја докажат и способноста за вршење професионална дејност.

Секој економски оператор согласно член 28 од законот, има право да учествува, самостојно или како член на група економски оператори, во постапка за јавна набавка, согласно член 107 од овој закон.

Во постапките за јавни набавки согласно со член 106 став (2) од законот, може да учествуваат и групи економски оператори, вклучувајќи ги и привремените здружувања, согласно со прописите за заштита на конкуренцијата. Составен дел на групна понуда согласно став (5) од наведениов член, е договор за поднесување групна понуда со кој членовите во групата економски оператори меѓусебно и кон договорниот орган се обврзуваат за извршување на договорот за јавна набавка, а кој особено ги содржи следниве податоци:

- членот на групата што ќе биде носител на групата, односно што ќе ја поднесе понудата и ќе ја застапува групата пред договорниот орган,
- членот на групата кој во име на групата економски оператори ќе го потпише договорот за јавна набавка,
- членот на групата што ќе ја издаде фактурата и сметка на која ќе се вршат плаќањата,
- краток опис на обврските на секој од членовите на групата економски оператори за извршување на договорот и
- други податоци кои договорниот орган ќе ги утврди во тендерската документација.

Треба да се има предвид дека овие податоци се законскиот минимум кој треба да биде содржан во договорот за групна понуда. Воедно, алинејата 5 од став (5) на член 106, дава можност од страна на договорниот орган да бидат побарани и други елемент.

Од изнесеново произлегува дека, во случај на група економски оператори составен дел на понудата е договор за поднесување групна понуда во кој треба да бидат содржани податоците кои договорниот орган ги бара и биле наведени во тендерската документација.

Во однос на вашата дилема „дали може да продолжите со евалуација на понуда поднесена од група на понудувачи во која носителот на групата ја потпишал Изјавата за сериозност, но не и членот на групата“, а имајќи предвид дека изјава за сериозност претставува еден вид алтернатива на гаранцијата на понудата, прашањето кој член на групата ќе ја достави изјавата треба да биде уредено во договорот за групна понуда.

Оттука, Комисијата за јавни набавки во фазата на евалуација треба да одлучи како ќе постапи, имајќи предвид дека исклучиво таа ја има на располагање целокупната документација од понудите и може да утврди дали истите се во согласност со барањата од тендерската документација.

Сепак, Комисијата за јавни набавки треба да направи разлика помеѓу суштински и формален недостаток и не треба по секоја цена да се наоѓаат причини за отфрлање на понудите.

**16. Прашање:**

Дали договорниот орган покрај активирањето на банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот по потпишување на договорот може да издаде и негативна референца?

**Одговор:**

Со Законот за јавните набавки кој е во примена од 1 април 2019 године, не е предвидена можност договорниот орган да издаде негативна референца во случај кога договорот за јавна набавка се раскинува и се активира банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот.

Но, укажуваме на можноста која членот 88 став (4) под б) од законот, му ја дава на договорниот орган.

Имено, покрај задолжителните основи за исклучување на економскиот операторот од постапката утврдени со член 88 став (2) од законот, постојат и незадолжителни основи за исклучување наведени во ставот (4), кои се применуваат само доколку се наведени во тендерската документација. Така, договорниот орган врз основа на член 88 став (4) под б) од законот, го исклучува економскиот оператор од постапката за јавна набавка доколку економскиот оператор покажал значителни или постојани недостатоци во исполнувањето клучни обврски во претходни договори за јавни набавки или претходни договори за концесии и јавно приватни партнерства склучени со тој договорен орган, што резултирало со едностарано раскинување на договорот, барање оштета или преземање други слични санкции од страна на договорниот орган во последните 12 месеци од денот на објавување на огласот за јавна набавка.

Од наведениве одредби произлегува дека, договорниот орган не може да издаде негативна референца на економскиот оператор поради едностарано раскинување на договорот и активирање на банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот. Но, истиот економски оператор ќе може да го исклучи од учество во идни постапки за јавни набавки кои ќе ги спроведува под услов во тендерската документација да му е наведен основот од членот 88 став (4) под б).

## ПОДГОТОВКА И ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ / ГРУПНА ПОНУДА

**17. Прашање:**

Кога во постапката учествува група на понудувачи, дали членот кој е носител на групата и ја поднесува понудата, може да го потпише договорот за јавна набавка во име на групата, да издаде фактура и на негова сметка да се вршат плаќањата, а друг член од групата економски оператори да ја поднесе банкарската гаранцијата на понудата во висина од 3% од вредноста на понудата без вклучен ДДВ. Притоа членот на групата кој ке ја поднесе банкарската гаранција е производител на стоката.

**Одговор:**

Во постапките за јавни набавки согласно со член 106 став (2) од законот, може да учествуваат и групи економски оператори, вклучувајќи ги и привремените здружувања, согласно со прописите за заштита на конкуренцијата.

Составен дел на групна понуда согласно со член 106 став (5) од законот, е договор за поднесување групна понуда со кој членовите во групата економски оператори меѓусебно и кон договорниот орган се обврзуваат за извршување на договорот за јавна набавка, а кој особено ги содржи следниве податоци: членот на групата што ќе биде носител на групата, односно што ќе ја поднесе понудата и ќе ја застапува групата пред договорниот орган, членот на групата кој во име на групата економски оператори ќе го потпише договорот за јавна набавка, членот на групата што ќе ја издаде фактурата и сметка на која ќе се вршат плаќањата, краток опис на обврските на секој од членовите на групата економски оператори за извршување на договорот и други податоци кои договорниот орган ќе ги утврди во тендерската документација.

Овие податоци се законскиот минимум кој треба да биде содржан во договорот за групна понуда. Воедно, алинејата 5 од став (5) на член 106, дава можност од страна на договорниот орган да бидат побарани и други елементи.

Оттука, сметаме дека не постои пречка, член на групата економски оператори да ја обезбеди гаранцијата на понудата доколку во договорот за групна понуда истото јасно и прецизно е наведено.

## ПОДИЗВЕДУВАЊЕ

**18. Прашање:**

Дали доколку понудувачот снабдува стоки од производител на индустриски стоки истиот треба да биде пријавен како подизведувач во таа постапка односно да го додели договорот на подизведувач при тоа во целост да се применат одредбите од член 118 од Законот за јавни набавки?

**Одговор:**

Вообичаена практика е понудувачите да ги реализираат договорите за јавна набавка на стоки самостојно, без да доделуваат дел од договорот на подизведувач. Притоа, доколку станува збор за комбинирани договори, понудувачот може да одлучи дел од договорот да додели на подизведувач, на пр. доколку предмет на набавка се стоки со поврзани услуги (пр. опрема со услуги за нејзино вградување/инсталирање/пуштање во работа), тогаш понудувачот може делот од договорот кој се однесува на услугите да го додели на подизведувач.